РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 27-864/1
22.07.2026 год.
ПРОБИШТИП


**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*ул. "Јаким Стојковски" бр.1*
*Тел: **032 48 31 31**; факс: **032 48 30 47***
***www.probistip.gov.mk***


# Соопштение за јавноста

## Пријавување на штети од природни непогоди и други несреќи

Општина Пробиштип ги повикува граѓаните кои имаат штети предизвикни од силен ветар, што зафати дел од територијата на општината на 21.07.2026 година, материјалните штети на нивните имоти и земјоделски насади, да ги пријават во просториите на општина Пробиштип.

Пријавувањето на штетите може да се изврши секој работен ден од 07[30] до 15[30] часот, заклучно со 24.07.2026 година (петок), во општина Пробиштип во канцеларијата на Општински центар за услуги.

Пријавувањето на настанатите штети ќе го реализирате со пополнување на Пријава за излез на лице место и на Изјава дека имотот не е осигуран преку осигурителните комапнии (пријава и изјава ќе подигнете во канцеларијата).

Покрај, пополнетите Пријава и Изјава, треба да се достави:

1. Фотокопија од лична карта за користење на потребните лични податоци
2. Фотокопија од трансакциска сметка на подносителот
3. Доказ за основ на користење на земјиштето или недвижен имот (фотокопија од имотен лист, фотокопија од решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства од МЗШВ или фотокопија од договор за закуп)
4. Лицата кои пријавуваат штета на моторни возила да обезбедат слики од возилата, понуда за поправка на штета и да наведат точна локација на несреќата кај возилото
5. Доказ за производство на саден сертифициран материјал (доколку се произведува).

Поднесените пријави со пропратните потребни документи ќе бидат обработени од страна на Комисијата за процена на штети предизвикани од природни непогоди и други несреќи на територијата на општина Пробиштип, ќе се направи теренска процена на лице место и ќе биде изработен прввичен извештај, кој ќе биде разгледан и усвоен од Совет на општина Пробиштип и ќе биде проследен до Влада на РСМ.

Напомена: **Ненавремено доставениете и некомплетните документи нема да бидат разгледани.**

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП

Општина Пробиштип
Градоначалник
(Тони Тоневски)